РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-502/1
27-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 27 -та седница одржана на 23.01.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1706/1 од 03.06.2025 година, оформен по доставена пријава поднесена од познат подносител, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, утврди дека наводите во предметната пријава се неконкретни и нејасни, а од страна на подносителот на пријавата не беше доставено појаснување на наводите во пријавата.

Предметот со бр. 12-1706/1 од 03.06.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 03.06.2025 година, поднесена е пријава по пат на електронска пошта и оформен е предмет бр. 12-1706/1 од 03.06.2025 година.
Во пријавата, подносителот бара да се утврди постоење на незаконитости на кои се сомнева при спроведена постапка за експропријација.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на дополнителни податоци информации до емаил адресата од која е поднесена пријавата, како и до адресата на жиевеење на подносителот, со барање да се

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

достави документација со која ќе се конкретизираат наводите во пријавата, односно информации (пр. имотен лист) од спорниот имот кој бил предмет на експропријацијата, предлогот за експропријација, склучената спогодба за експропријација итн.

ДКСК констатира дека во законски утврдениот рок, не се добиени бараните информации, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р В.З. виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д. член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата